Годишен Извештај за активностите на
Групата на Македонски Телеком А.Д. – Скопје во 2009 година

.../

Во врска со објавувањето на Финалниот Извештај и информациите обезбедени за КОмпанијата од Маѓар Телеком во Јануари 2010 година Претседателот на Одборот на Директори на Компанијата побара правно и даночно вештачење од трета страна за испитување на можни сметководствени и даночни импликации кои произлегуваат од трансакциите направени од Компанијата и нејзини филијали предмет на Финалниот Извештај.

Надворешните експерти подготвија извештаи (Извештаи) за нивното вештачење и ги соодветно ги поднесоа Извештаите до Претседателот на Одборот на Директори и на раководството Компанијата и на нејзините филијали. Како резултат, заснован на анализата од даночните и правните експерти и информациите достапни на раководството поврзани со трансакциите предмет на Финалниот Извештај, сума од 248,379 илјади МКД била идентификувана со можно влијание врз данокот (заедно поврзаната со казнена камата) достигна 261,834 илјади денари од која 227,972 илјади денари поврзани со Компанијата беше платена по издадено Извршно Решение издадено од Управата за Јавни Приходи. Дополнително, вредноста на еден договор од 105,147 илјади денари капитализирана во трезорски записи сега е коригирана и сметководствено евидентирана бидејќи овие исплати биле издадени во 2006, а не капитализирани како дел од трезорски записи како што било известено. Другите договори кои биле идентификувани од Финалниот Извештај и извештаите на даночните и правните експерти поврзани со трансакциите преземени од Компанијата и нејзините филијали биле признаени во соодветните периоди (2001-2007).

Во Мај 2008 година МВР на РМ до Компанијата поднесе официјално писмено со барање за информации и документација во врска со одредени исплати за консултантски услуги и заем на дивиденда, како и одредени набавки и договори. Во Јуни 2008 година Компанијата поднесе копии од бараните документи. Во истиот период, Т-Мобиле Македонија исто така примиле слични барања за доставување на одредена документација до МВР на РМ и тие беа соодветно доставени.

Во Октомври 2008 Истражен Судија на Основниот Суд Скопје 1 – Скопје (кривичен суд), издаде формална писмена наредба до Компанијата да предаде одредена оригинална документација. Подоцна во Октомври 2008 година, Компанијата официјално и лично ги предаде бараните документи. Од МВР писмено беа доставени дополнителни барања и Компанијата ја обезбеди бараната документација.

Ние дознавме, засновано врз јавни информации достапни на 10 Декември 2008 година, дека Одделот за организиран криминал во МВР поднело пријави до Основниот Јавен Обвинител за организиран криминал и корупција, со предлог за подигнување на кривично обвинение против Атила Сендреј (поранешен ЦЕО на Македонски Телеком АД – Скопје), Ролг Плат (поранешен ЦФО на Македонски Телеком АД – Скопје), Михаил Кефалојанис (поранешен член на Одборот на Директори на Камени Мост и поранешен член на Одборот на Директори на Телемакедонија) и Золтан Кишјухаз (поранешен ЦЕО на

Камени Мост и поранешен не извршен член на Одборот на директори на Македонски Телеком АД – Скопје) заради основано сомнение за сторено кривично дело. За овие поединци предложено е да бидат обвинети поради „злоупотреба на службената положба и овластувања“ во врска со нивните позиции во Македонски Телеком АД – Скопје со склучување на договори за консултантски услуги за кои немало намера или потреба да бидат дадени.

Основниот Суд Скопје 1 – Скопје, Истражно одделение за организиран криминал достави пријава до Компанијата во врска со кривичните обвинениja против погоре посочените лица и побара изјава за тоа дали Компанијата претрпела некаква штета врз основа на посочените договори за консултантски услуги.

По неколку одложувања на судските рочишта поврзани со истражната постапка спроведена од Основниот Суд Скопје 1 Скопје, на рочиште одржано на 13 Април 2009 година, претставниците на Македонски Телеком АД Скопје ја објавија позицијата на Компанијата дека земајќи ја во предвид независната внатрешна истрага од Вајт и Кејс која е во тек, која е одобрена од Одборот на Директори на Компанијата, сé уште е прерано да се објави било каква штета која може да е предизвикана од средствата со кои се спроведувале споменатите договори или што е поврзана со нив. По завршување на независната внатрешна истрага, Компанијата ќе го информира Судот за нејзината конечна позиција во врска со можната штета и кривично гонење на обвинетите лица. На 9 Април 2010 година Компанијата прими и известување од Бирото за судски вештачења дека врз основа на наредба на Основниот Суд Скопје 1 – Скопје ќе изведе вештачење на предметот. Вештачењето беше извршено на 11 Мај 2010 година, а вештаци од Министерството з а Правда на Република Македонија – Канцеларија за судски вештачења – Скопје, побара дополнителни документи од страна на Компанијата со цел да подготват вештачење. Компанијата доби Известување од Канцеларија за судски вештачења – Скопје дека вештачењето ќе продолжи на 18 Октомври 2010 година. Вештаците побараа дополнителни информации поврзани со одредени договори заклучени во 2005 и 2006 година и со нив поврзаните фактури. Компанијата ги собра и поднесе бараните информации / документација до Канцеларија за судски вештачења на 1 Ноември 2010 година. Јавниот обвинител треба да реши дали тој/таа ќе подигне или нема да подигне обвинение против обвинетите лица во зависност од вештачењето и други релевантни докази собрани во фазата на истрага.

МВР на РМ – оддел за организиран криминал, пристапи до Компанијата во Август 2009 година, со барање некои дополнителни документи да бидат доставени до МВР. Компанијата ја собра и поднесе бараната документација на 27 Август 2009 година.

Претседателот на Одборот на Директори и раководството на Компанијата добија информации дека содржината на Финалниот Извештај исто така била направена достапна за Македонското Јавно обвинителство. Раководството на Компанијата не може да предвиди дали ЈО ќе започне правна процедура и типот и обемот на правните активности врз основа на информациите во Финалниот Извештај. Ние не сме свесни за информации како резултат на барања од други регулатори или надворешни страни, освен оние опишани погоре, за кои ние заклучивме дека финансиските изјави може да се погрешни, вклучувајќи ефекти од можен незаконит акт..../

Скопје, 10 декември 2008 година

Кривична пријава од МВР до ОЈОГОКК

Одделот за организиран криминал до Основното Јавно Обвинителство за организиран криминал и корупција, Скопје, поднесе кривична пријава против лицата:

- А.С.(56), Р.Унгарија, вработен како извршен директор во „Македонски Телеком" АД Скопје од 17.09.2002 година до 10.09.2007 година; член на борд на „Камени Мост Комуникации" АД Скопје во периодот од 07,04.2005 ло 20.09.2006 година,
- Р.П.(42), Р.Германија, вработен како извршен директор за финансии во „Македонски Телекомуннкации" АД Скопје во периодот од 20.02.2004 година до 18.12.2007 година, и член на борд на директори во „Телемакедонија" АД Скопје во периодот од 07.04.2005 до 20.09.2006 година,
- М.К., Р. Грција, член на борд на директори во „Камени Мост Комуникаини" АД Скопје во периодот од 07.04.2005 до 20.09.2006 година и член на Борд на директори во „Телемакедонија" АД Скопје, како и овластен потпнсник на „Чаптекс Холдингс Лнмитед" Никозија-Кипар; и
- З.К., Р. Унгарија, Главен извршен Днректор во „Камени мост комуникаци:" АД Скопје извршен член на Борд на Директори на „Македонски Телекомуникации" АД Скопје во период 22.10.2004 до 29.11.2006 год., поради постоење на основано сомнение за сторено кривичното дело „злоупотреба на службената положба и овластување"предвидено и казниво по чл.353 ст.1 в.в. ст.4 и 5 од КЗ на РМ.

Имено, пријавените во периодот 2005-2006 година, злоупотребувајќи ја својата службена положба во пет наврати склучиле договори за консултантски услуги со „Чаптекс Холдингс Лимитед", услуги за кои никогаш не постоела намера ниту потреба да бидат извршени, се со цел да му биде овозможено стекнување на против-правна имотна корист на правното лице „Чаптекс Холдингс Лимитед" во вкупен износ од 3.975.000 евра, а на штета на акционерите на „Македонски Телекомуникации" АД Скопје и акционерите на „Камени Мост Комуникации" АД Скопје и на Влада на Р. Македонија како претставник на државниот капитал (сопственик на 47% од акциите) во „Македонски Телекомуникации" АД Скопје за износ од 1.868.250 евра.

Сите Договори биле склучени на поединечен износ не поголем од 990.000 Евра (износ до кој членовите биле овластени поединечно да одлучуваат без притоа да имаат обврска да го известат Бордот на директори на Македонски Телекомуникации АД Скопје, обврска која е задолжителна за договори и плаќања кои надминуваат 1.000.000 Евра предвидено во Статутот на „Македонски Телекомуникации") и тоа:

1. склучен консултантски договор за наводни консултантски услуги кој се однесува за регулирање на висината на цената па фреквенции, од 01.05.2005 година склучен помеѓу „Македонски телекомуникации", претставувано од прво и второ пријавените А.С и Р.П. „Чаптекс Холдингс Лимитед" Никозија - Кипар, претставувано од пријавениот М.К. во вредност од 980.000 Евра.
2. склучен консултантски договор за наводни консултантски услуги кои се однесуваат на македонскиот „Закон за електронски комуникации" и неговите подзаконски акти од 01,06.2005 година склучен помеѓу „Чаптекс Холдингс Лимитед" Никозија - Кипар и „Камени Мост Комуникации" АД Скопје (фирма која стратешкиот партнер „МАТАВ-РТ" во Република Македонија ја основа со цел обезбедување на услуги за потребите на „Македонски Телекомуникации" АД Скопје) претставувани од

пријавените М.К. и З.К., во вредност од 990.000 Евра, кое што плаќање било извршено со согласност на А.С., Р. П. и З.К.

Во двата договора консултантот („Чаптекс Холдингс Лимитед") имал обврска да обезбеди консултантски услуги за изготвување на предлози за законски и подзаконски акти кои во тој период биле во процедура на донесување од страна на Македонските законодавни органи, а нивната содржина директно се однесувала на работењето во телекомуникацискиот бизнис. Исто така треба да се напомене и фактот дека „Законот за електронски комуникации" е донесен па 08.03.2005, што значи дека овие договори се беспредметни од причина што истите се склучени после донесување на „Законот за електронски комуникации" и нивната единствена цел била неосновано да се наплатат средствата за услуги кои никогаш не биле извршени.

3. склучен е консултантски договор помеѓу „Камени мост комуникации" АД Скопје - претставувано од З.К. и „Чаптекс Холдингс Лимитед" претставувано од М.К. кој се однесува на активности поврзанк со донесувањето на Законот за работни односи, од 01.06.2005 година, чија вредност изнесува 980.000 Евра, износ за кој „Камени мост комуникации" извршил плаќање на „Чаптекс Холдингс Лимитед" по претходно дадена согласност од страна на А.С. и М.К. Вака склучениот договор бил заведен во деловните книги на „Камени мост комуникации" АД Скопје на 05.03.2005 година, односно 87 дена пред да биде склучен договорот помеѓу двете друштва.
4. склучен е консултантски договор за услуги помеѓу „Македонски телекомуникации" АД Скопје претставувани од А.С.и Р.П. и „Чаптекс Холдингс Лимитед" претставувано од М.К. од 01,01.2006 година, чијшто предмет е истражување на влезот на „Македонски телекомуникации" АД Скопје на пазарот на ТВ кабловски оператори на износ од 900.000 евра, но било извршено плаќање на паричен износ во вредност од 450.000 евра со одобрение на А.С. Овој договор бил беспредметен од причина што активностите биле завршени со претходен проект спроведен од „Македонски Телекомуникации" и истиот поради нецелнсходност бил прекинат на почетокот на 2006 година.
5. склучен е Анекс на договор со „Чаптекс Холдингс Лимитед" со цел вршење на маркетинг услуги за „наводно" рекламирање за издавање на телекомуникациски вод во износ од 575.000 евра. Овој телекомуникациски вод веќе бил издаден на 21.03.2006 година согласно склучен договор помеѓу „Македонски телекомуникации" АД Скопје и КОСМОТЕЛКО ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ СЕРВИС од Р.Грција со што Анексот е беспредметен односно по истиот не се извршени никакви активности.

За вака „наводно" извршените консултантски услуги од страна на „Чаптекс Холдингс Лимитед"Никозија Кипар по однос на сите пет договори биле изготвени фиктивни фактури кон „Македонски телекомуникации" и „Камени мост комуникации" врз осиова на кои биле исплатени вкупно 3.975.000 Евра во корист на консултантот.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РМ

Прилог Б

Информациите се земени онака како што се презентирани во документот на Американската Комисијата за хартии од вредност (Securities and Exchange Commission (SEC)) - Граѓанска тужба поднесена против три поранешни раководни лица во Маѓар Телеком и против Маѓар Телеком како правно лице; како и од документи на Американското Министерство за Правда. Оригиналите на овие документи се достапни преку интернет линкови на соодветните органи и на веб страницата на Transparency International – Macedonia.

1. Граѓанска Тужба на SEC против Елек Штрауб (Elek Straub), Андрас Балох (Andras Balogh) и Томас Морваи (Tomas Morvai), поднесена на 29.12.2011 година во Окружниот суд за Јужниот Округ на Њујорк, со ознака 11 CIV 9645, кај судечки судија Саливан (Sullivan).

<u>Овој документ во превод е дел од Прилог Б - 1</u>

- Документот е поднесен во Окружниот Суд за Јужниот Округ на Њујорк во САД, на 29.12.2011 година. Како странки се наведени: Комисија за Хартии од Вредност (SEC) против тужените Елек Страуб (Elek Straub), Андрас Болох (Andras Balogh), и Тамас Морваи (Tamas Morvai). Тужбата се однесува поради повреди на одредбите од Законот за странски коруптивни постапки - Foreign Corrupt Practices Act FCPA.

- Документот структурно е организиран во 8 заглавија, и тоа: Преглед (§1-§6), Надлежност и месна надлежност(§7-§10), Тужени (§11-§13), Други релевантни поединци (§14-§17), Фактички обвинувања (А. Повреди на FCPA во Македонија (§18-§40), Б. Повреди на FCPA во Црна Гора (§41-§61), Страуб, Балох и Морваи ги лажеле ревизорите во Маѓар Телеком (§62-§70)), Прво барање за помош (§71-§73), Второ барање за помош (§74-§76), Трето барање за помош (§77-81), Четврто барање за помош (§82-§84), Петто барање за помош (§85-§87), Молба за помош (А, Б, В, Г, Д, Ѓ)).

- Документот е составен на 25 страници.

2. Соопштение на Министерството за Правда на САД од 29.12.2011 година во врска со разрешување на истрага водена за Дојче Телеком и Маѓар Телеком во врска со Законот за странски коруптивни постапки - Foreign Corrupt Practices Act FCPA и плаќање на комбинирана казна во износ од околу 64 милиони долари;

<u>Овој документ во превод е дел од Прилог Б - 2</u>

3. Спогодба за Условено мирување на понатамошно гонење (во врска со Информација за Обвинение (Кривичен предмет бр.1:11CR00597)) од 29.12.2011 година;
Согласно законодавството во САД, Министерството за Правда и

обвинетиот Маѓар Телеком на 29.12.2011 година склучиле Спогодба за Условно мирување на понатамошно гонење според Информација за Обвинение, при што обвинетата страна, ги прифаќа како точни, вистинити и утврдени наводите за дејствијата за кои се товари, и е согласна да плати 59.600.000 долари поради повреди на одредбите на Законот за странски коруптивни постапки FCPA.

Прилогот А на овој документ во превод е дел од Прилог Б - 3

- Документот е поднесен во Окружниот Суд за Источна Вирџинија во САД, оддел за Александрија на 29.12.2011 година во 10:37 часот. Како странки се наведени: Соединетите Американски Држави против обвинетиот Маѓар Телеком, Плц.;
- Условувањето се однесува на временски период од две години и 7 календарски денови;
- Документот насловен со: „Спогодба за условено мирување на понатамошно гонење“ структурно е организиран во 14 заглавија и тоа: Информација за криминал и Прифаќање на Одговорност §1-2; Услови на Спогодба §3; Релевантни фактори §4-§5; Плаќање на парична Казна §6; Условно ослободување од кривична одговорност §7; Програма за Корпоративно усогласување §8; Известување за Корпоративна Усогласеност §10; Мирување на кривично гонење §11-12; Прекршување на Спогодбата §13-17; Продажба или спојување на Маѓар Телеком §17; Изјави во јавност од Маѓар Телеком §18-§20; Ограничувања на обврзувачките последици од Спогодбата §21; Белешки §22; Цели на Спогодбата §23;
- Документот содржи Прилог А – Изјава за Факти (Statement of Facts) составен од §44; Прилог Б Потврда за Корпоративни Решенија (Certificate of Corporate Resolutions); Прилог Ц – Програма за корпоративна усогласеност, (Corporate Compliance Program); Прилог Д –Известување за корпоративна усогласеност, (Corporate Compliance Reporting);
- Документот е составен на 43 страници, заедно со прилозите;
- За Маѓар Телеком согласност за оваа Спогодба дале три лица на 27 и 28.12.2011 година.

4. Информација за криминал (Кривичен предмет бр.1:11CR00597) ; од 29.12.2011 година;
   Ова е составен дел на претходниот документ (под број 2), според кој судот ќе постапува доколку дојде до повреда на одредбите од Спогодбата.
   - Документот е поднесен во Окружниот Суд за Источна Вирџинија во САД, оддел за Александрија на 29.12.2011 година во 10:37

часот. Како странки се наведени: Соединетите Американски Држави против обвинетиот Маѓар Телеком, Плц.

- Обвинението се однесува на три дела според Законот за странски коруптивни постапки FCPA: 1. Повреда на одредбите против давање мито; 2. и 3. Повреда на одредбите за книговодство.
- Документот структурно е организиран во 8 заглавија, и тоа: Информација, Општи наводи (FCPA §1-§8, Релевантни вработени и агенти §9-§20; Поведение во Македонија §21-§34; Поведение во Црна Гора §35-45; Дело 1 §46-7; Дело 2 §48-49; Дело 3 §50-51.
- Документот е поднесен од Јавното Обвинителство на САД и Министерството за Правда – оддел за кривични дела; секција за измами. Документот е напишан на вкупно 19 страници.

5. Писмо за разбирање за склучување на Спогодба за условено мирување на понатамошно гонење датирано со 29.12.2011 година од Министерството за Правда на САД упатено до правниот застапник на Дојче Телеком. Документот содржи Прилог А (Изјава за Факти) составен од §10.
   Со прифаќањето на ова писмено другата страна (Дојче Телеком), спогодбено ги прифаќа како точни, вистинити и утврдени наводите за дејствијата за кои се товари, и е согласна да плати 4.360.000 долари поради повреди на одредбите на FCPA.
   - Според својата правна природа ова писмо со неговото потпишување од страна на овластени лица на Министерството за правда на САД (U.S. Department of Justice) и повикани одговорни лица во Дојче Телеком АГ (Deutsche Telekom AG) претставува inter partes Спогодба во врска со во него покажаното разбирање.
   - Условувањето се однесува на временски период од две години;
   - Се забележа и тоа дека писмото е датирано на 29 Декември 2011 година иако, примателот во знак на одобрување се има потпишано на четвртата (4) страница од писмото на 28 Декември 2011 година, а одобрение за прифаќање на спогодба овластени лица на Дојче Телеком дале на 29 Декември 2011 година.

Тужба

11 CIV 9645

29 Декември 2011 година

Тужител: Комисија за хартии од вредност

против

Тужени: Елек Страуб,

Андрас Балох, и

Тамас Морваи

Тужителот Комисија за хартии од вредност тврди:

ПРЕГЛЕД

1. Ова дејствие произлегува од повреди на FCPA од 1977 од тужените Елек Штрауб, поранешен Претседател и Извршен директор на Маѓар Телеком, Плц. (Маѓар Телеком“); и Андрас Балох и Томас Морваи, двацата поранешни извршни функционери во Стратешкиот Оддел на Маѓар Телеком.

2. Во 2005 година и 2006 година, Штрауб, Балох и Морваи извршиле шема на поткупување на владини функционери во Република Македонија за да го попречат влегувањето на конкурент на телекомуникациска филијала на Маѓар Телеком. Во врска со шемата, Маѓар Телеком извршил исплати од 4.875.000 долари на посредник под маска на лажни „консалтинг“ и „маркетинг“ договори. Штрауб, Балох и Морваи одобриле исплати со знаење, цврсто верување или под услови кои правеле значајно сигурно, дека сите или дел од парите ќе бидат проследени до Македонски владини функционери. За возврат, функционерите се сложиле да усвојат регулаторни промени во корист на бизнисите на Маѓар Телеком и да спречат нов конкурент да влезе на пазарот. Штрауб, Балох и Морваи исто така понудиле на функционерите на Македонска малцинска политичкка партија вредна деловна можност за возврат таа политичка партија да ги поддржи од Маѓар Телеком посакуваните поволности.

3. ...

4. ...

5. На Маѓар Телеком и Дојче Ттелеком им недостасувала задоволителна внатрешна сметководствена контрола за да спречи и препознае повреди на FCPA. Како резултат шарлатанските договори во врска со шемите и во Македонија и во Црна Гора не биле предмет на суштинска ревизија. Значајно е дека сите коруптивни исплати сторени под овие договори биле направени без никакво прашање.

6. Штрауб, Балох и Морваи направиле исплатите направени под овие шарлатански договори да бидат лажно евидентирани во книговодството и сметководството на Маѓар Телеком. Исплатите биле евидентирани како

трошоци за оправдани консалтинг и маркетинг услуги, кога такви (bona fide) добронамерни услуги не биде дадени, ниту имало таква намера, според договорите. Книговодствените и сметководствените книги на Маѓар Телеком биле консолидирани во книговодствените и сметководствените книги на неговата компанија „мајка“ Дојче Телеком АГ, која известува за резултатите на операциите на Маѓар Телеком во нејзините консолидирани Извештаи.

Надлежност и месна надлежност

7. Судот е надлежен за оваа тужба согласно со Оддел 21(д), 21(њ) и 27 од Законот за Промет (ЗП) од 1934 (“Exchange Act”) [15 U.S.C. §§78y(д), 78y(e) и 78aa].

8. Месната надлежност на овој Округ е соодветна согласно со Оддел 27 на ЗП бидејќи трансакции кои прават повреда на федералниот закон за размена на хартии од вредност (добра) се случиле во рамките на Јужниот Округ на Њујорк.

9. Тужените директно или индиректно користеле електронски пораки или средства и инструменти на меѓудржавно тргување заради продолжување на дејствијата, практиките и правците на деловното однесување опишани подолу.

10. Во времето на повредите, хартии од вредност на Маѓар Телеком и Дојче Телеком биле јавно тргувани преку Обврзници (American Depositary Receipts) наброени на Берзата во Њујорк и регистрирани кај Комисијата согласно со Оддел 12(б) од ЗП [15 U.S.C. §781]. Маѓар Телеком и Дојче Телеком биле издавачи на хартии од вредност во САД и поднесувале Извештаи на Образец 20-Ф до Комисијата согласно со Оддел 13 од ЗП [15 U.S.C. §78м].

Тужени

11. Елек Штрауб бил Претседател и Главен Извршен Функционер на Маѓар Телеком од 17.07.1995 година до 5.12. 2006 година. Штрауб е Унгарски државјанин за кој се верува дека престојува во Унгарија.

12. Андрас Балох бил Директор на Централната Стратегиска Организација во Маѓар Телеком од 01.04 .2002 година до 08.08. 2006 година. Балох е Унгарски државјанин за кој се верува дека престојува во Унгарија.

13. Томас Морваи бил Директор за Развој на Бизниси и Преземања во Централната Стратегиска Организација на Маѓар Телеком од јули 2004 година до 10.07. 2006 година. Морваи е Унгарски државјанин за кој се верува дека престојува во Унгарија.

Други релевантни поединци

14. Маѓар Телеком е корпорација со ограничена одговорност конституирана под законите на Унгарија со седиште во Будимпешта, Унгарија.
... На 12.11.2010 година Маѓар Телеком доброволно ги отпиша од тргување на берзата во Њујорк неговите хартии од вредност.

15. Дојче Телеком е приватна корпорација конституирана според законите на германија со седиште во Бон, Германија. Дојче Телеком преземал околу 60% од контролниот пакет на Маѓар Телеком во Јули 2000 година и Извештаите за операциите на Маѓар Телеком се консолидирани во неговите финансиски извешати.
... На 18.06.2010 година Дојче Телеком доброволно ги отпиша од тргување на берзата во Њујорк неговите хартии од вредност.

16. Македонски Телекомуникации[1] А.Д. Скопје („МакТел“) е за давател на телекомуникациски услуги во Македонија, компанија која претходно била во државна сопственост. Во Јануари 2001 година, Владата на Македонија продаде дел од МакТел на конзорциум во кој бил вклучен Маѓар Телеком. До доцна 2004 година, Маѓар Телеком го зголемил својот дел до 51% со набавка на дополнителни акции од Македонската Влада и од приватни акционери. Маѓар Телеком сега ги држи своите акции на МакТел преку холдинг компанија во негова целосна сопственост. Македонската Влада сега држи околу 35% од акциите на МакТел.

17. Телеком Црне Горе (ТЦГ) ...

Фактички Обвинениј а

А. Повреди на FCPA во Македонија

18. За време на 2005 година и 2006 година, Штрауб, Балох и Морваи понудиле и/или платиле поткуп на Македонски Владини функционери и функционери на политички партии. За возврат, функционерите му обезбедиле на Маѓар Телеком тајни конкурентски предности и регулаторни погодности.

19. Штрауб, Балох и Морваи предизвикале филијалите на Маѓар Телеком во Македонија да платат барем 4.875.000 евра на посредничка трета страна преку низа на шарлатански маркетинг и консалтинг договори. Штрауб, Балох и Морваи предизвикале плаќање со знаење, цврсто верување, или под околности кои прават значајно сигурно дека третата страна ќе ја проследи сета или дел од исплатата до владини функционери во замена за нивно одобрување на деловни и регулаторни погодности за Маѓар Телеком. Штрауб, Балох и Морваи исто така понудиле на Македонска малцинска политичка партија во рамките на коалиционата влада можност за одредување на корисник од деловен потфат во замена за тоа малцинската партија да ги поддржи од Маѓар Телеком посакуваните погодности.

20. Во раната 2005 година, Македонскиот Парламент го усвои Законот за Електронски Комуникации, кој го либерализираше пазарот на телекомуникации на начин кој не е во полза на Маѓар Телеком. Законот го овластувал регулаторното тело за телекомуникации во Македонија за одржи јавен тендер за дозвола за трет бизнис во мобилната телефонија. Третата страна која ја обезбедува таа дозвола (лиценца) ќе станела директен конкурент на филијалата на Маѓар Телеком во Македонија, МакТел. Законот за електронски комуникации исто така ги зголеми таксите за фреквенции и воспостави други регулаторни товари за МакТел.

21. Штрауб, Балох и Морваи развиле и околу почетокот на Март 2005 година спровеле шема на поткуп на владини функционери од двете политички партии во Македонската коалициона влада за да ги поништат или намалат последиците од новиот закон. Штрауб, Балох и Морваи меморизирале елемети на нивната шема во таен документ чуван на компјутери на Маѓар Телеком кои тие ги користеле. Подоцна кога Маѓар Телеком започнал внатрешна истрага, Балох и Морваи околу Февруари 2006 година се обиделе да уништат докази за тој документ на нивните компјутери.

[1] Според податоците на веб страницата на овој субјект, неговото име е „Македонски Телеком“ А.Д.

22. Во напредување на шемата, македонските филијали на Маѓар Телеком утврдиле посредник, „ консултант за лобирање“ Грк по потекло, за да ги олесни преговорите со македонските владини функционери од страна на Маѓар Телеком. Преговорите кои се случиле околу Април и Мај 2005 година, резултирале со тајна спогодба, наречена „Протокол за Соработка“, со високи македонски владини функционери. Според Протоколот за Соработка, македонските функционери би обезбедиле владата да го одложи или прекине издавањето на дозвола за трет мобилен оператор. Функционерите исто така би ублажиле негативните последици од новиот закон, вклучувајќи исклучување на обврската МакТел да палти зголемена давачка за радио фреквенција. За возврат, Владата на Македонија требало да добие целосна дивиденда од 95 милиони евра, а функционерите би добиле необјавени исплати на мито од Маѓар Телеком.

23. На или околу 25.05.2005 година Штрауб го одобрил Протоколот за Соработка од страна на Маѓар Телеком. Балох го потпишал Протоколот за Соработка на или околу 27.05.2005 година. За другата страна Протоколот за Соработка бил потпишан од висок Македонски Владин функционер од мнозинската политичка партија на или околу истиот датум. Влегувањето на Маѓар Телеком во Протоколот за Соработка исто така бил одобрен од високи извршни лица во Дојче Телеком.

24. За да се избегне јавно изложување на единствената потпишана копија на Протоколот за Соработка била задржана кај грчкиот посредник. Никакви потпишани копии не биле задржани во списите ниту кај Маѓар Теолеком ниту кај Дојче Телеком. Постоењето и намената на спогодбата во Маѓар Телеком и Дојче Телеком биле држени во тајност, познати само на Штрауб, Балох, Морваи и малкумина други.

25. Протоколот за Соработка бил незаконит според македонскиот закон, и тој барал македонските функционери да ги игнорираат нивните обврски кои произлегуваат од Закон. Протоколот за Соработка барал Владата да се воздржи од јавна понуда за трета дозвола за мобилна телефонија и да собере несоодветно намалена радио фреквентна такса спротивно на новиот Закон за електронски комуникации. Високиот владин функционер кој го потпишал Протоколот за Соработка пропуштил истиот да го прибележи како официјален владин документ, како што барал македонскиот закон.

26. Штрауб, Балох и Морваи прибавиле согласност од високи владини функционери за Протоколот за Соработка со нудење на исплата од 10 милиони евра поткуп, во три дела. Помеѓу 2005 и 2006 година, како што Маѓар Телеком ги добил погодностите ветени во Протоколот за Соработка, Штрауб, Балох и Морваи го овластител МакТел и други филијали на Маѓар Телеком да исплатат 4.875.000 евра на посредник Грк под шарлатански договори „засновани на успешност“ за „консалтинг„ или „маркетинг“ услуги. Штрауб, Балох и Морваи ги одобриле договорите со знаење или цврсто верување дека поедини или сите исплати ќе бидат проследени до владини функционери, или под услови кои значајно допринесувале да настапи ваков резултат.

27. Поддршката од малцинската коалициона партија во македонската Влада била неопходен услов за остварување на целите од Протоколот за Соработка. Членовите на малцинската политичка партија заземале високи позиции во регулаторните агенции за телекомуникации со јурисдикција за јавен повик за трета лиценца во мобилната телефонија. Штрауб, Балох и Морваи разбрале, и

на 31.05.2005 година написмено потврдиле дека функционери во малцинската политичка партија ќе ја „торпедираат“ (или „руинираат“) спогодбата во следните два месеци доколку не им платиме“ поткуп на овие функционери.

28. Штрауб, Балох и Морваи дискутирале различни опции за структурирање на исплатите на мито на малцинската политичка партија. Во прилогот на едно писмо во форма на електронска порака, Балох предложил: „можеме да платиме, на приме 2 милиони евра, еден милион за македонска и за албанска консалтинг фирма од Телемакедонија (филијала на Маѓар Телеком во Македонија) ... / ... или може да им платиме на Албанците само еден милион на секој во две исплати./ Ние траба да платиме повеќе од толку само ако имаме (дополнителен договор со назначеното лице од малцинската партија) во наши раце и кога ќе бидат усвоени за нас задоволителни под законски акти.“

29. Во нивниот напор да обезбедат погодности барани од Маѓар Телеком, Штрауб, Балох и Морваи исто така коруптивно ветиле да обезбедат значајна деловна можност за малцинската политичка партија. Маѓар Телеком понудил нивната филијала во Македонија да изведе инфраструктура за мобилна телекомуникација во соседна држава и да дозволи на посочен ентитет од малцинската политичка партија да работи со користење на мрежната структура на компанијата. Рани нацрти на спогодбено писмо („Писмо за намери“) во врска со овој исход посочувале успешен деловен партнер само како „компанија која ќе биде именувана од (малцинската политичка) Партија. На или околу 30.08.2005 година Штрауб го потпишал Писмото за намери со именуваниот од малцинската политичка партија. Деловната можност на крајот не се развила.

30. На или околу 31.08.2005 година со знаење и согласност на Балох и Морваи, Штрауб се впуштил во втор, скоро идентичен таен Протокол за Соработка со висок македонски Владин функционер кој припаѓал на малцинската политичка партија. Како и со првиот договор, единствената потпишана копија на оваа верзија на Протоколот за соработка вила задржана кај посредникот Грк. Постоењето и намената на спогодбата била непозната за било кој во Маѓар Телеком или Дојче Телекома освен на Штрауб, Балох, Морваи и мала група на дополнителни учесници. Втората верзија на Протоколот за соработка ги повредувал законите на Македонија од исти причини како што тоа го правела првата верзија.

31. Во документ без наслов подготвен од Балох на или околу 01.06.2005 година Балох предложил структура на коруптивни исплати наменети за владини функционери од соодветните политички партии во форма на „договори „засновани на успешност“. Балох се јавил доброволно „да биде присутен при потпишувањето на договорите (или да се сретне со претставници на двете страни за да ги информира) за изворот на средствата. Подоцна, за време на истрага спроведена од Ревизискиот Одбор на Маѓар Телеком, Балох се обидел да ги уништи доказите за постоење на овој документ од неговиот компјутер.

32. Помеѓу 2005 година и 2006 година Штрауб, Балох и Морваи го овластиле Маѓар Телеком да се впушти во барем шест шарлатански договори со посредник Грк за „консалтинг„ или „маркетинг“ услуги кои не биле дадени. Лажните договори биле така направени за да се заобиколат внатрешните контроли на Маѓар Телеком. Договорите не служеле за никаква легитимна деловна намена, и според нив не биле дадени никакви bona fide услуги. Наместо тоа, договорите биле искористени за канализирање на коруптивни исплати индиректно до владини функционери на начин кој нема да биде откриен. Штрауб, Балох и

Морваи за референца на упатувањето на исплатите преку овие шарлатански договори користеле коден збор „логистика“.

33. Штрауб, Балох и Морваи разгледувале избирање на компании предложени од посредникот Грк за да ги направат така наречените исплати за „логистика“. Грчкиот посредник иницијално предложил неколку фишек компании со седиште на Кипар да послужат како друга страна во договори на Маѓар Телеком во лажните консалтинг договори. Сепак, од предложените други страни со седиште на Кипар ниедна не би можела да ги исполни дури ни минималните заднински проверки, бидејќи ниедна немала добар корпоративен впечаток. Балох и Штрауб тогаш земеле во предвид користење на компании кое се поврзани (ќерки) со посредникот Грк како „мост“ додека не се идентификува по прифатлив посредник за исплати. Сепак, Маѓар Телеком не можел да се потпре на посредникот Грк за да му долови кој владин функционер „колку добил во кое време“. И покрај ваквиот ризик, Штрауб, Балох и Морваи предизвикале филијалите на Маѓар Телекокм во Македонија да направат исплати на ентитети поврзани со посредникот Грк со знаење, цврсто уверување, или под околности кои давале значајна сигурност, дека дел или сите од одбие коруптивни исплати би биле проследени до владини функционери.

34. Во порака од електронска пошта датирана од 16.06.2005 година до претставниците на посредникот Грк, Балох замолил за тоа да му биде обезбедена „повратна информација, по извршен пренос, од високи претставници на двете страни кои потврдуваат дека го добиле тоа што ние сме го ветиле.“

35. Штрауб, Балох и Морваи дејствувале со измама, доведување во заблуда, манипулација или со намерно или од несовесно непочитување на регулаторните барања при структурирањето и одобрувањето на консалтинг и маркетинг договорите во 2005 година и 2006 година од страна на Маѓар Телеком поради тоа што договорите: (1) немале никаква оправдана деловна намена; (2) го криеле фактот дека сите или дел од исплатите биле понудени или платени за да влијаат врз владини функционери да обезбедат за Маѓар Телеком тајни конкурентски предности или регулаторни погодности; (3) биле поткрепени со лажни потврди за изведба или фабрикувани докази за изведба; (4) биле во многу случаи анти датирани; и (5) биле во многу случаи наводно засновани врз успех, но настапиле откако релевантни непознати веќе биле задоволени.

36. Консалтинг и маркетинг договорите од 2005 година и 2006 година биле така структурирани за да ги заобиколат внатрешните контроли на Маѓар Телеком и да одбегнат откривање. Вршените исплати постојано биле поставувани под цензусот за внатрешна контрола кој би барал одобрување од Управниот одбор. Во некои случаи, договорите и доказите за изведба биле повторно извршувани за да именуваат различни договорни страни како средство за одбегнување на „привлекување на премногу големо внимание.“

37. Како дел од деловниот план, Маѓар Телеком подготвил внатрешни документи кои ги проектираат финансиските придобивки со кои МакТел би се здобил од Протоколот за Соработка. Маѓар Телеком проектирал дека користа од елиминирање на штетните ефекти на Законот за електронски комуникации ќе биде далеку преку 4.875.000 евра кои тој ги платил според шест шарлатански консалтинг и маркетинг договори.

38. Маѓар Телеком ги добил погодностите ветени во Протоколот за Соработка. Како резултат на коруптивни исплати, македонската Влада го одложила воведувањето на трет натпреварувач во мобилната телефонија до 2007 година. До тоа време, настапиле избори со промена и нова коалициона влада се стекнала со контрола во Македонија, па Штрауб, Балох и Морваи дале оставка од Маѓар Телеком. Македонската Влада исто така, како што се сложила, ги намалила радио фреквентните такси кои се однесувале на МакТел.

39. Електронски поштенски пораки во остварувањето на шемата на поткуп, вклучувајќи ги они кои содржеле приложени нацрти на Протоколот за Соработка, Писмото за намери, и копии за консалтинг договори со трета посредничка страна, биле пренесени преку средства или инструменти на меѓудржавна трговија во САД. Електронските поштенски пораки биле испратени од локации надвор од САД, но биле насочени преку и/или сочувани на мрежни сервери лоцирани во САД. Некои од овие пораки биле испратени или примени од тужениот Балох.

40. Исплатите направени под шест шарлатански маркетинг и консалтинг договори биле евидентирани во книговодствените и сметководствените книги на Маѓар Телеком на начин кој не ја прикажувал вистинската намена на договорите. Во времето кога договорите биле направени, на Маѓар Телеком и Дојче Телеком им недостасувале задоволителни внатрешни сметководствени контроли кои би обезбедиле разумна сигурност дека трансакциите биле законити и соодветно евидентирани.

Повреди на FCPA во Црна Гора

41. ... 61.

Штрауб, Балох и Морваи го лажеле ревизорот на Маѓар Телеком

62. Штрауб, Балох и Морваи дале лажни или погрешни изјави или сториле пропусти кон ревизорите на Маѓар Телеком во врска со подготовката на финансиските извештаи на компанијата за 2005 година.

63. Помеѓу Јули 2005 и Јануари 2006, Штрауб потпишал писмено менаџерско полномошно до ревизорите на Маѓар Телеком лажно изјавувајќи: „ги направивме достапни до вас сите финансиски записи и соодветни податоци“; „ ние не сме свесни за други сметки, трансакции или материјални договори кои не се чесно опишани и соодветно евидентирани во финансиската и сметководствената евиденција која ја поткрепуваат финансиските извештаи“; и „ние не сме свесни за било каква повреда или можна повреда на законите или прописите ...“.

64. Балох и Морваи потпишале писмена со менаџерски заменички полномошна писма до ревизорите на Маѓар Телеком лажно изјавувајќи дека „сите материјални информации поврзани со моето поле беа изложени точно и во целост (фактички и акумулирани) и во согласност со предметот содржина на писменото менаџерско полномошно.“

65. Штрауб, Балох и Морваи знаеле дека Маѓар Телеком влегол во барем шест лажни договори, како што е претходно опишано, во 2005 година и 2006 година поврзани со неговите филијали во Македонија и Црна Гора.

66. Штрауб, Балох и Морваи знаеле дека сите или дел од исплатите според седум договори опишани погоре ќе бидат употребени коруптивно во спроведување на

нивните понуди да платат владини или функционери на политички партии во Македонија или Црна Гора за цели на влијание на дејствија или одлуки, обезбедување на несоодветна предност, или нивно поттикнување да го употребат своето влијание, за да му помогнат на Маѓар Телеком во добивање или задржување на деловни потфати.

67. Штрауб, Балох и Морваи знаеле дека седум договори, и пропратните документи кои ги оправдуваат трошоците според договорите, не ја одразуваат точно вистинската намена на исплатите. Тие исто така знаеле дека сметководствените книги, евиденција и сметки на Маѓар Телеком согласно тоа се лажно прикажани.

68. Штрауб, Балох и Морваи не го прикажале на ревизорите на Маѓар Телеком постоењето на Протокол за Соработка, Писмо за Намери кое нуди корист од деловна зделка за субјект назначен од малцинската политичка партија, и други претходно опишани документи кои се однесуваат на шема за поткуп на македонски владини функционери и функционери на политички партии за да добијат тајни конкурентски предности и регулаторни погодности.

69. Штрауб, Балох и Морваи не го прикажале на ревизорите на Маѓар Телеком постоењето на нивната шема да поткупат …

70. Доколку ревизорите на Маѓар Телеком знаеле за овие лажни факти, тие не би ги прифатиле менаџерските презентациски писма и други презентации обезбедени од Штрауб. Ниту ревизорите би обезбеделе неквалификувано ревизорско мислење да го придружува годишниот извештај на Маѓар Телеком даден ан Образец 20-Ф.

Прилог Б – 2

Американското Министерство за правда (US Department of Justice (DJ)) на 29.12.2011 година преку неговата Канцеларија за односи со јавноста го издаде следното соопштение:

Маѓар Телеком и Дојче Телеком ја разрешија истрагата според Законот за странски коруптивни практики (Foreign Corrupt Practices Act (FCPA)) и се сложија да исплатат близу 64 милиони долари комбинирана кривична казна

Паралелно спроведување на извршни дејствија од DJ и Комисијата за хартии од вредност (Securities and Exchange Commission (SEC)) резултираше со казни од повеќе од 95 милиони долари

Вашингтон – Маѓар Телеком Плц. Унгарска телекомуникациска компанија, и Дојче Телеком АГ, германска телекомуникациска компанија и мнозински сопственик на Маѓар Телеком, се сложија да платат комбинирана кривична казна од 63,9 милиони долари за да ја разрешат истрагата според FCPA во врска со активности на Маѓар Телеком и негови филијали во Македонија и Црна Гора, објави Лани Брајер (Lanny A. Breuer) Јавен Обвинител во JD, оддел за криминал и Правобранителот на САД за источната област на Вирџинија Нил Мек Брајд (Neil H. MacBride).

Министерството денес поднесе Кривична Информација против Маѓар Телеком и две годишна Условена спогодба за гонење во Окружниот суд за Источниот Округ на Вирџинија. Информацијата го товари Маѓар Телеком за три дела, односно едно дело за повреда на одредбите против поткуп од FCPA и две обвинениј за повреда на одредбите за книговодство и сметководство од FCPA. Во време на однесувањето за кое се товари, на берзата во Њујорк се тргувало со хартии од вредност на Маѓар Телеком. Како дел од Спогодба за Условено мирување на обвинението, Маѓар Телеком се сложи да плати 59,6 милиони долари казна за неговите илегални активности, да вгради и примени унапреден програм за соодветност и да поднесе годишни извештаи во врска со неговите напори за примената на мерките за унапредување на соодветноста и за надминување на проблеми од минатото.

Според судските документи, вклученоста на Маѓар Телеком во Македонија произлегува од потенцијални правни промени направени во пазарот на телекомуникации во таа држава. Во рана 2005 година, македонската Влада се обиде да го либерализира телекомуникацискиот пазар на начин кој Маѓар Телеком го сметал за штетен за неговата македонска филијала, Македонски Телекомуникации АД Скопје (МакТел). Во доцна зима и пролетта 2005 година, извршните лица на Маѓар Телеком, со помош на грчки посредници, лобирале кај македонски владини функционери за да спречат примена на новиот закон и прописи за телекомуникации.

Маѓар Телеком на крајот се впуштил во спогодба со одредени високи македонски владини функционери за да ги реши своите грижи околу правните промени. Во тајна спогодба, така наречен „Протокол за Соработка“, македонските владини функционери се сложиле да го одложат внесување на трета лиценца за мобилна телефонија на македонскиот телекомуникациски пазар, како и други регулаторни погодности. Извршните лица на Маѓар Телеком потпишале две копии на „Протокол за Соработка“, секоја со високи македонски владини функционери од различни владеачки партии во Македонија. Извршните лица на Маѓар Телеком потоа ги држеле единствените спроведени копии надвор од компаниското книговодство на Маѓар Телеком.

Според судските документи, со цел да осигурат придобивки од Протокол за Соработка извршните лица на Маѓар Телеком се впуштиле во постапување со консултанти, посредници и други трети лица, вклучувајќи и шарлатански консалтинг договори со лица во сопственост и под контрола на грчки посредник, за да исплатат 4.875.000 евра (околу шест милиони долари) во околности во кои тие знаеле, или биле свесни за голема можност дека постојат околности во кои, целата или дел од таквата исплата ќе биде проследена до македонските функционери. Шарлатанските договори биле заведени како оправдани во книговодството и сметководствените книги на МакТел, кои биле консолидирани во финансиите на Маѓар Телеком. Дојче Телеком, кој бил сопственик на околу 60% од Маѓар Телеком, ги пријавил резултатите на операциите Маѓар Телеком во своите финансиски извештаи.

Дополнително, Кривичната Информација го товари Маѓар Телеком за фалсификување на книговодство и сметководство во врска со активност во Црна Гора. Според судските списи, Маѓар Телеком направил несоодветни исплати во врска со преземањето на телекомуникациската компанија на Црна гора, во сопственост на државата. Овие исплати биле документирани во книговодството и сметководството на Маѓар Телеком преку извршување на божемни договори. На пример, два договори биле антидатирани и ги прикривале вистинските партнери, и никакви оправдани услуги не биле дадени под договорите, иако договорите биле за 4,47 милиони евра.

Министерството денес исто така се впушти во спогодба за мирување на гонење условена на две години со родителската компанија на Маѓар Телеком, Дојче Телеком поради пропуст да одржува книговодство и сметководство кое вистинито ги покажува активностите на Маѓар Телеком. Дојче Телеком, со седиште во Германија, се сложи да плати 4,36 милиони долари казна во врска со неточно водено книговодство и сметководство и да го унапреди својот програм за соодветност. Во време на поведението на Њујоршката берза се тргувало со хартии од вредност на Дојче Телеком.

Двата договори потврдуваат дека Маѓар Телеком и Дојче Телеком доброволно го признале прекршувањето на FCPA на одделот и раководството на ревизорската комисија на Маѓар Телеком заради покренување „темелна општа внатрешна истрага во врска со поткупување и поврзано неисправно однесување.“ Во дополнение спогодбата истакнува дека компаниите веќе превземале корективни мерки и се посветиле на понатамошни корективни чекори преку имплементација на унапреден програм за соодветност.

Поврзано со ова, SEC објави граѓански тужби против Маѓар Телеком и Дојче Телеком како и за три поранешни извршни лица на Маѓар Телеком. Маѓар Телеком и Дојче Телеком одобриле внесување на постојана наредба против повреди на FCPA. Маѓар Телеком се сложи да плати 31,2 милиони долари во интерес на отфрлање и пресудување без докажување.

Предметот го води адвокат парничар Лиам Бренан (Liam Brennan) од Одделот за криминал секција за измами, и помошниците на Правобранителот на САД Чарлс Коноли (Charles Connolly) и Robert Wiechering од Канцеларијата на Правобранителот за Источниот Округ на Вирџинија. Министерството исто така оддава признание за значаен придонес во оваа истрага на помошникот на Правобранителот на САД Џероб Дафи (Jerrob Duffy), поранешна секција за измами. Значајна соработка била дадена од водот на ФБИ при Теренската канцеларија Вашингтон посветен на FCPA, Одделот за постапување на SEC, Одделот за криминал на Меѓународните односи и меѓународни правни партнери на Швајцарија, Германија, Грција, Унгарија и Република Македонија.

Прилог А од Документот 3 гласи:

ИЗЈАВА ЗА ФАКТИ

Следната Изјава за факти е вклучена заради повикување како дел на Условено мирување на понатамошно гонење („Спогодбата“) помеѓу Министерството за Правда на САД, криминален оддел, секција за измами и канцеларијата на Јавното Обвинителство на САД за Источниот округ на Вирџинија (севкупно, „Одделение“), и МАЃАР ТЕЛЕКОМ, Плц., („МАЃАР ТЕЛЕКОМ“), и **страните се согласуваат и тврдат дека следната информација е вистинита и точна**. **МАЃАР ТЕЛЕКОМ признава, прифаќа и потврдува дека е одговорен за делата на неговите службеници, вработени, агенти, и оние филијали како што е прикажано подолу.** Доколу Одделението продолжи со гонење кое е во мирување согласно овоаа Спогодба, МАЃАР ТЕЛЕКОМ се согласува дека ниту ќе се противи на неговата прифатливост, ниту ќе ја оспорува, оваа Изјава за факти во било кое такво постапување. Доколку во овој предмет дојде до продолжување со судење, **Одделот ќе ги докаже преку оправдан сомнеж, со прифатливи докази, фактите наведени подолу** и посочени во Информацијата за криминал во прилог на оваа спогодба (забелешка: Документот наведен под број 1 во листата погоре). Тие докази ќе го потврдат следното:

МАЃАР ТЕЛЕКОМ и поврзани правни лица

1. МАЃАР ТЕЛЕКОМ, порано познат како Матав, бил јавно тргувана Унгарска корпорација која работи во бизнисот за фиксна и целуларна телефонија во Унгарија, Црна Гора, Македонија, и на други места, користејќи ги брендовите Т-Мобиле и Т-Ком. За време на релевантниот временски период, Американските хартии од вредност на МАЃАР ТЕЛЕКОМ („АХВ“) се тргувале на Њујоршката Берза (NYSE) под тикер „МТА“. Соодветно, МАЃАР ТЕЛЕКОМ бил „издавач“ во рамките на значењето согласно FCPA, Наслов 15, Законодавство на САД, Секција 78dd-1(a).

2. МАЃАР ТЕЛЕКОМ правел достапни за јавноста финансиски информации преку различни средства, вклучувајќи и електронско поднесување на периодични и годишни извештаи на Обрасци 6-К и 20-F на SEC (Stock Exchange Committee – Комитет за тргување на берза) до SEC, МАЃАР ТЕЛЕКОМ електронски ги пренесувал неговите поднесоци до Electronic Data Gathering, Analysis, and Retrieval system (EDGAR) на SEC во Управната канцеларија за Информации и Технологија во Александрија, Вирџинија, во рамките на Источниот округ на Вирџинија.

3. Дојче Телеком, АГ („ДТ“), била мулти национална телекомуникациска компанија со седиште во Германија и компанија родител на МАЃАР ТЕЛЕКОМ. ДТ управувал со бизнис во целуларна и фиксна телефонија под брендовите на Т-Мобиле и Т-Ком преку различни оперативни субсидијари, вклучувајќи го и МАЃАР ТЕЛЕКОМ. ДТ имал во сопственост околу 60% од МАЃАР ТЕЛЕКОМ кој известувал за резултатите од своето работење во консолидираните финансиски извештаи на ДТ. За време на релевантниот временски период, со хартиите од вредност на ДТ се тргувало на NYSE под тикер симбол „ДТ“. Соодветно на тоа,

ДТ бил „издавач“ во смисла на FCPA, Наслов 15, Законодавство на САД, Секција 78dd-1(а).

4. Македонски Телекомуникации АД Скопје („МакТел“) била поранешен телекомуникациски давател на услуги во Македонија во државна сопственост. Во Јануари 2001 година, МАЃАР ТЕЛЕКОМ, дејствувајќи во конзорциум со други наддавачи, се стекнал со делумна сопственост на МакТел преку приватизација од страна на Владата на Република Македонија. До доцна во 2004 година, МАЃАР ТЕЛЕКОМ стекнал самостојна сопственост на околу 51% од акциите на МакТел преку набавка на дополнителни акции од македонската Влада и од приватни акционери. МАЃАР ТЕЛЕКОМ ги држел акциите на МакТел преку холдинг компанија во негова целосна сопственост. Македонската Влада во моментот владее со околу 35% од акциите на МакТел. Од рана 2001 година до средината на 2006 година, македонската Влада била сопственик на околу 47% на акции на МакТел. Македонската Влада, како акционер, имала право на пропорционална распределба на дивиденди пријавени од МакТел. Исплатите на дивидендите од МакТел биле значен извор на приход за македонската Влада. За време на релевантниот временски период, финансиските резултати на МакТел биле вклучени во консолидираните финансиски пријави кои МАЃАР ТЕЛЕКОМ ги поднесувал до SEC.

5. Телемакедонија АД Скопје („Телемакедонија“) била услужна компанија контролирана од МАЃАР ТЕЛЕКОМ која обезбедувала консалтинг и други услуги за МакТел. За време на релевантниот временски период, финансиските резултати на Телемакедонија биле вклучени во консолидираните финансиски пријави кои МАЃАР ТЕЛЕКОМ ги поднесувал во SEC.

6. Камен Мост Комуникации АД Скопје („Камен мост“) била холдинг компанија контролирана од МАЃАР ТЕЛЕКОМ и која имала сопственост на акциите на МакТел, но инаку немала деловни активности. За време на релевантниот временски период, финансиските резултати на Камен Мост биле вклучени во консолидираните финансиски пријави кои МАЃАР ТЕЛЕКОМ ги поднесувал во SEC.

7. Телеком на Црна гора А.Д., н/к/а „Црногорски Телеком“ („ТЦГ“) и неговата ...

Релевантни вработени и агенти

8. Извршно лице #1 во Маѓар Телеком бил високо извршно лице и член на Управниот Одбор на МАЃАР ТЕЛЕКОМ за време на релевантниот временски период. Како таков тој биле службеник, директор, вработен, и агент на „издавач“ во смисла на значењето согласно FCPA, Наслов 15, Законодавство на САД, Секција 78dd-1(а).

9. Извршно лице #2 во Маѓар Телеком бил високо извршно лице во МАЃАР ТЕЛЕКОМ за време на релевантниот временски период. Како таков тој биле службеник, директор, вработен, и агент на „издавач“ во рамките на значењето согласно FCPA, Наслов 15, Законодавство на САД, Секција 78dd-1(а). Извршно лице #2 во Маѓар Телеком работел како службеник или директор во одредени субсидиари на МАЃАР ТЕЛЕКОМ.

10. Извршно лице #3 во Маѓар Телеком бил високо извршно лице во МАЃАР ТЕЛЕКОМ за време на релевантниот временски период. Како таков тој биле службеник, директор, вработен, и агент на „издавач“ во рамките на значењето

согласно FCPA, Наслов 15, Законодавство на САД, Секција 78dd-1(a). Извршно лице #3 во Маѓар Телеком работел како службеник или директор во одредени субсидиари на МАЃАР ТЕЛЕКОМ.

11. Извршно лице #1 во МакТел бил високо извршно лице на МакТел за време на релевантниот временски период.

12. Извршно лице #2 во МакТел бил високо извршно лице на МакТел за време на релевантниот временски период.

13. Грчки посредник #1 бил деловно лице кој контролирал бројни фишек компании, и за време од 2001 година до 2004 година, контролирал значен дел од Камен Мост и Телемакедонија преку друга компанија. За време на релевантниот временски период, тој бил принципал зад други договорни страни во договори со МАЃАР ТЕЛЕКОМ, и му помагал на МАЃАР ТЕЛЕКОМ во неговите работи со македонски владини функционери.

14. Грчки посредник #2 бил член на управниот одбор на МакТел. За време на релевантни временски периоди, тој бил вработен на Грчкиот посредник #1, и тој му помагал на МАЃАР ТЕЛЕКОМ во неговите работи со македонски владини функционери.

15. Грчки посредник #3 бил член на Управниот Одбор на Камен Мост. За време на релевантни временски периоди, тој бил вработен на Грчкиот посредник #1, и тој му помагал на МАЃАР ТЕЛЕКОМ во неговите работи со македонски владини функционери.

16. Кипарска Фишек Компанија била фишек компанија наводно со седиште во Лимасол, Кипар, која била контролирана од Грчкиот посредник #1, Грчкиот посредник #2, и Грчкиот посредник #3. Кипарската Фишек Компанија извршувала договори со, поднесувала писмена до, и примала исплати од МАЃАР ТЕЛЕКОМ и негови филијали.

Владини функционери и Политички партии

17. Македонска политичка партија А и македонска политичка партија Б биле политички партии во македонската коалиција на власт за време на 2005 година, покрај и во друго време. Секоја партија претставувала традиционална етничка група во Македонија. Како таква, македонската политичка партија А и македонска политичка партија Б секоја посебно биле „странска политичка партија“ во смисла на значењето согласно FCPA, Наслов 15, Законодавство на САД, Секција 78dd-1(a)(2).

18. Македонски функционер #1 бил владин функционер со висок ранг со одговорност поврзана со закони за и уредување на телекомуникации за време на 2005 година, покрај и во друго време, како и водач на македонската политичка партија А. Како таков Македонски функционер #1 бил „странски функционер“ во смисла на значењето согласно FCPA, Наслов 15, Законодавство на САД, Секција 78dd-1(f)(1)(A), 78dd-1(a)(2).

19. Македонски функционер #2 бил владин функционер со висок ранг со одговорност поврзана со закони за и уредување на телекомуникации за време на 2005 година, покрај и во друго време, како и водач на македонската политичка партија Б. Како таков Македонски функционер #2 бил „странски

функционер“ во смисла на значењето согласно FCPA, Наслов 15, Законодавство на САД, Секција 78dd-1(f)(1)(A), 78dd-1(a)(2).

20. За време на 2005 година и 2006 година, одредени високи извршни лица тогаш вработени во МАЃАР ТЕЛЕКОМ, вклучувајќи ги Извршно лице #1 во МАЃАР ТЕЛЕКОМ, Извршно лице #2 во МАЃАР ТЕЛЕКОМ и Извршно лице #3 во МАЃАР ТЕЛЕКОМ (овие три поранешни извршни лица тука се ословени заеднчки како „Извршни лица во Маѓар Телеком“), се нафатиле во насока на дејствување преку консултанти, посредници и други трети лица, вклучувајќи договарање преку божемни договори да платат агрегатна сума од 4.875 милиони евра на Кипарска фишек компанија и една нејзина придружничка, под услови за кои тие знаеле, или биле свесни за високата големата веројатност дека постојат услови во кои, сите или дел од приносите на ваквите исплати ќе бидат понудени, дадени, ветени или платени, директно или индиректно, на Македонски функционер #1, Македонски функционер #2, македонска политичка партија А и македонска политичка партија Б со намера за стекнување со деловна погодност за МАЃАР ТЕЛЕКОМ. Дополнително, на македонска политичка партија Б и била понудена можност да определи корисник во деловен потфат во замена за партиска поддршка на од МАЃАР ТЕЛЕКОМ посакуваните погодности.

21. Во рана 2005 година, Македонскиот Парламент усвои Закон за електронски комуникации предодреден да го либерализира пазарот на телекомуникации на начин кој би бил непогоден за МАЃАР ТЕЛЕКОМ. Поодредено, помеѓу други работи, законот ги овластувал телекомуникациските регулаторни тела во Македонија да објават јавна понуда за давање на лиценца за трет деловен зафат во мобилната телефонија кој директно ќе конкурира против субсидијарот на МАЃАР ТЕЛЕКОМ во Македонија, МакТел, и постави зголемени давачки за фреквенции и други регулаторни товари.

22. Во или околу доцна во Јануари 2005 година, Извршното лице #1 во Маѓар Телеком, Извршното лице #2 во Маѓар Телеком, Грчкиот посредник #1, Грчкиот посредник #2, Грчкиот посредник #3, и други му помогнале на МАЃАР ТЕЛЕКОМ за средба со Македонскиот функционер #1 и други во Скопје и ги информирале дека не е прифатливо давање на трета лиценца за мобилна телефонија.

23. Во или околу 9 Март 2005 година, Извршното лице #1 во МакТел испратил електронска порака до Македонски владин функционер на негова адреса за електронска пошта лоцирана во САД и побарал овој Македонски владин функционер да го информира Извршното лице #1 во МакТел за „формално номинираните членови за уредување на надомест за фреквенција,“ која електронска порака била помината преку, сочувана на, и пренесена преку сервери лоцирани во Соединетите Држави.

24. На или околу 9 Март 2005 година, Извршното лице #2 во Маѓар Телеком испратил порака по електронска пошта до Грчкиот посредник #2 со прилог на нацрт Писмо за Намери. Нацрт Писмото за Намери ја прецизирал посветеноста на МАЃАР ТЕЛЕКОМ да започне со виртуелен оператор на мобилна мрежа („MVNO“) во Косово со компанија која ќе биде одбрана од страна на Политичката партија Б. МАЃАР ТЕЛКОМ развил план за MVNO во Косово како алтернативен трет конкурент на македонскиот телекомуникациски пазар.

25. Приближно во Мај 2005 година, одредени извршни лица на Маѓар Телеком одобриле и извршиле таен договор, Протокол за Соработка, со Македонскиот

функционер #1 за оддолжување или одложување на издавање на трета лиценца за мобилна телефонија и за да ги омекне другите неповолни ефекти на новиот закон, вклучувајќи и да не се бара од МакТел да плати целосна сума за зголемениот надомест за фреквенција преку преземање на следните дејствија, помеѓу другите:

a. На или околу 25 Мај 2005 година, Извршното лице #1 во Маѓар Телеком преку електронска пошта примил копија од Протокол за Соработка кој треба да биде извршен од страна на МАЃАР ТЕЛЕКОМ и од Македонскиот функционер #1.

b. Кратко потоа, на или околку 27 Мај 2005 година, на средба во Холидеј Ин во Скопје, Извршното лице #2 во Маѓар Телеком, Извршното лице #3 во Маѓар Телеком, Грчкиот посредник #2, Грчкиот посредник #3, и други македонски функционери дискутирале за Протоколот за Соработка и се сложиле да го чуваат постоењето и намената на договорот од други, вклучувајќи ги ревизорите на МАЃАР ТЕЛЕКОМ и јавноста. Извршното лице #2 во Маѓар Телеком и Македонски функционер #2 го потпишале Протоколот за соработка, и потоа договорот бил чуван надвор од книговодството и сметководството на МАЃАР ТЕЛЕКОМ, наместо таму оставен кај Грчкиот посредник #1 во Грција.

c. На или околу 31 Мај 2005 година со цел да го информира Извршното лице #1 во МакТел за тајната спогодба на МАЃАР ТЕЛЕКОМ со македонски политички функционери, Извршното лице #2 во Маѓар Телеком проследил копија од спогодбата од неговата сметка за електронска пошта во МАЃАР ТЕЛЕКОМ до Хотмаил (Hotmail) сметката за електронска пошта на Извршното лице #1 во МакТел, која минала преку, била чувана на, и проследено до сервери лоцирани во САД.

d. На или околу 31 Мај 2005 година, од Извршното лице #1 во Маѓар Телеком и Извршното лице #2 во Маѓар Телеком било побарано да обезбедат потпишана копија од Протокол за Соработка, по што Извршното лице #1 во Маѓар Телеком ги објаснило „специјалните околности“ околу овој Протокол за соработка за да го оправда немањето на потпишана копија.

26. Дополнително, на или околу Август 2005 година, Извршни лица на Маѓар Телеком дошле до крај на Писмо за Намери за MVNO со субјект определен од Македонска политичка партија Б. Тие ја направиле оваа понуда во Писмо за Намери со цел да обезбедат Македонскиот функционер #2 да го изврши вториот таен Протокол за соработка и поволностите кои ќе произлезат од таа спогодба. Писмото за намери било извршено од Извршното лице #1 во Маѓар Телеком, сепак деловната можност на крај не се развила од други причини.

27. Па сепак, на или околу Август 2005 година, одредени Извршни лица во Маѓар Телеком се впуштиле во вториот таен Протокол за Соработка со претставници на Македонска политичка партија Б и Македонскиот функционер #2 да добијат исти деловни и регулаторни поволности за МАЃАР ТЕЛЕКОМ. Вторито таен Протокол за Соработка исто така бил држен надвор од архивата на МАЃАР ТЕЛЕКОМ и останал кај Грчкиот посредник #1 во Грција.

28. Помеѓу 2005 и 2006 година, како што МАЃАР ТЕЛЕКОМ ги добил погодностите ветени во спогодбата, Извршните лица во Маѓар Телеком го овластиле МакТел

и други субсидиари да влезат во низа на најмалку шест лажни „врз основа на успешност засновани“ договори наводно за „консталтинг“ и „маркетинг“ услуги, и да платат агрегатна сума од 4.875.000 евра според овие договори на Кипарската фишек компанија и на една од нејзините филијали, под услови за кои Извршните лица во Маѓар Телеком знаеле, или биле свесни за голема можност дека постојат услови во кои, сите или дел од приносите од вакви исплати ќе бидат понудени, дадени, ветени или исплатени, директно или индиректно, на македонски владини функционери.

29. Единствените спроведени копии од двата тајни Протоколи за соработка со владини функционери биле задржани од Грчкиот посредник #1, и постоењето и вистинската намена на овие спогодби биле непознати за било кој во МАЃАР ТЕЛЕКОМ и ДТ освен на Извршното лице #1 во Маѓар Телеком, Извршното лице #2 во Маѓар Телеком и на релативно мал број на дополнителни учесници.

30. Извршното лице #1 во Маѓар Телеком и Извршното лице #2 во Маѓар Телеком, помогнати од Грчкиот посредник #1, ги заобиколиле внатрешните контроли во МАЃАР ТЕЛЕКОМ со:

    a. На или околу Април 2006 година, Извршното лице #1 во МакТел, Извршното лице #2 во МакТел и Грчкиот посредник #2 извршиле договор помеѓу МакТел и Кипарската фишек компанија наводно за услуги на длабинска анализа за кабелска телевизија за сума од 900.000 евра, со заверен датум од 01 Јануари 2006 година;

    b. На или околу Април 2006 година, Извршното лице #1 во МакТел, Извршното лице #2 во МакТел и Грчкиот посредник #2 извршиле договор помеѓу МакТел и Кипарската фишек компанија наводно за маркетинг услуги во вредност од 750.000 евра, со заверен датум од 01 Март 2006 година;

    c. На или околу 5 Мај 2006 година, Извршното лице #1 во МакТел, Извршното лице #2 во МакТел и други извршиле договор помеѓу МакТел и друга компанија наводно за маркетинг услуги во вредност од 900.000 евра;

    d. На или околу 12 Декември 2006 година, Грчкиот посредник #1, Грчкиот посредник #2 и Грчкиот посредник #3 предизвикале Кипарската фишек компанија да проследи извештај до МАЃАР ТЕЛЕКОМ и неговите филијали за лажно да оправда исплата од 450.000 евра направена од МакТел, а кој извештај можело да биде нарачан на интернет за околку 500 фунти стерлинзи.

31. Овие консалтинг и маркетинг договори внесени во 2005 и 2006 година биле антидатирани или имале показатели за успешност кои веќе биле задоволени во времето кога овие договори биле извршени, и биле поддржани со лажни показатели за успешност или други фабрикувани докази за изведба. Договорите не послужиле за легитимна деловна намена, и никаква изведба од значење не произлегла од нив.

32. Исплатите според овие шарлатански договори биле заведени во книговодството и сметководството на МАЃАР ТЕЛЕКОМ на таков начин што не укажувал точно за вистинската намена на договорите според кои тие биле направени, а лажната книговодствена и сметководствена евиденција била консолидирана во финансиските извештаи на ДТ:

Датум	Сума	Од	До
12. Јули 2005	340.000 евра	МакТел	Кипарска фишек компанија
13. Јули 2005	640.000 евра	МакТел	Кипарска фишек компанија
06. Септември 2005	990.000 евра	Камени Мост	Кипарска фишек компанија
09. Септември 2005	980.000 евра	Камени Мост	Кипарска фишек компанија
11. Април 2006	450.000 евра	МакТел	Кипарска фишек компанија
11. Април 2006	575.000 евра	МакТел	Кипарска фишек компанија
30. Мај 2006	900.000 евра	МакТел	Филијала на Кипарска фишек компанија

33. По овие шарлатански договори и понуда, Македонската Влада го одложи влегувањето на трет натпреварувач во мобилната телефонија се до 2007 година и ги намали тарифите за надоместоци за фреквенции поставени на подружницата на МАЃАР ТЕЛЕКОМ во Македонија, МакТел.

Однесување во Црна гора

34. – 44. ...